Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-3168/3 од 12.06.2014 година, на 35-та седница одржана на 12.06.2014 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. Се усвојува Ребалансот на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година, со цел да се обезбедат средства за одржување и сервисирање на службените возила и за одржување и поправка на климатизери.

Со Ребалансот на Финансискиот план за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат **198.994.898,00** денари.

Со тоа ќе се обезбедат потребните средства во износ од 149.860,00 денари со вклучен ДДВ за одржување и сервисирање на службените возила и 94.400,00 денари со вклучен ДДВ кои ќе бидат наменети за одржување и поправка на климатизери.

Ребалансот треба да се изврши на следните ставки во усвоениот Финансиски план за 2014 година и тоа:

- Да се намали групната ставка **400 Потрошени материјали** и наместо износот од 1.120.000,00 денари истиот да изнесува 1.079.880,00 денари.
- Позицијата 400300 Потрошени канцелариски материјали, ќе се намали за 40.120,00 денари и наместо досегашниот износ од 189.000,00 денари, ќе изнесува 148.880,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за канцелариски материјали.
- Да се намали групната ставка **405 Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** и наместо износот од 750.000,00 денари истиот да изнесува 711.060,00 денари.
- Позицијата 405000 Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, ќе се намали за 38.940,00 денари и наместо досегашниот износ од 750.000,00 денари, ќе изнесува 711.060,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за потребите на кујна.
- Да се намали групната ставка **417 Интелектуални и други услуги** и наместо износот од 6.525.650,00 денари истиот да изнесува 6.431.250,00 денари.
- Позицијата 417800 Други неспомнати услуги-истражување, ќе се намали за 94.400,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.144.250,00 денари, ќе изнесува 1.049.850,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за истражување на мислењето на публиката за радио и ТВ програмите.
- Да се намали групната ставка **418 Останати други расходи** и наместо износот од 1.102.000,00 денари истиот да изнесува 1.031.200,00 денари.
- Позицијата 418800 Други расходи, ќе се намали за 70.800,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.102.000,00 денари, ќе изнесува 1.031.200,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за ревизорски услуги.

- Да се зголеми групната ставка **402 Инвестиционо одржување на средствата** за 244.260,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.270.200,00 денари истата да изнесува 1.514.460,00 денари.

- Позицијата 402010 Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-леки коли, наместо досегашниот износ од 172.200,00 денари, ќе изнесува 322.060,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за одржување и сервисирање на службените возила.
- Позицијата 402040 Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-опрема, наместо досегашниот износ од 664.400,00 денари, ќе изнесува 758.800,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за одржување и поправка на климатизери.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-3168/3 од 12.06.2014 година, на 35-та седница одржана на 12.06.2014 година, ја донесе одлука да се усвои предложениот Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2014-та година, од 05.06.2014 година, со цел да се обезбедат средства за одржување и сервисирање на службените возила и за одржување и поправка на климатизери. Со Ребалансот на Финансискиот план за 2014-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 198.994.898,00 денари. Со тоа ќе се обезбедат потребните средства во износ од 149.860,00 денари со вклучен ДДВ за одржување и сервисирање на службените возила и 94.400,00 денари со вклучен ДДВ кои ќе бидат наменети за одржување и поправка на климатизери. Ребалансот треба да се изврши на следните ставки во усвоениот Финансиски план за 2014 година и тоа: Да се намали групната ставка 400 Потрошени материјали и наместо износот од 1.120.000,00 денари истиот да изнесува 1.079.880,00 денари. Позицијата 400300 Потрошени канцелариски материјали, ќе се намали за 40.120,00 денари и наместо досегашниот износ од 189.000,00 денари, ќе изнесува 148.880,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за канцелариски материјали. Да се намали групната ставка 405 Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација и наместо износот од 750.000,00 денари истиот да изнесува 711.060,00 денари. Позицијата 405000 Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, ќе се намали за 38.940,00 денари и наместо досегашниот износ од 750.000,00 денари, ќе изнесува 711.060,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за потребите на кујна. Да се намали групната ставка 417 Интелектуални и други услуги и наместо износот од 6.525.650,00 денари истиот да изнесува 6.431.250,00 денари. Позицијата 417800 Други неспомнати услуги-истражување, ќе се намали за 94.400,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.144.250,00 денари, ќе изнесува 1.049.850,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за истражување на мислењето на публиката за радио и ТВ програмите. Да се намали групната ставка 418 Останати други расходи и наместо износот од 1.102.000,00 денари истиот да изнесува 1.031.200,00 денари. Позицијата 418800 Други расходи, ќе се намали за 70.800,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.102.000,00 денари, ќе изнесува 1.031.200,00 денари. Средствата кои се намалуваат на наведената позиција, беа наменети за ревизорски услуги. Да се зголеми групната ставка 402 Инвестиционо одржување на средствата за 244.260,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.270.200,00 денари истата да изнесува 1.514.460,00 денари. Позицијата 402010 Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-леки коли, наместо досегашниот износ од 172.200,00 денари, ќе изнесува 322.060,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за одржување и сервисирање на службените возила. Позицијата 402040 Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-опрема, наместо досегашниот износ од 664.400,00 денари, ќе изнесува 758.800,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за одржување и

поправка на климатизери. Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-3202/1

12-06. 2014 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот - Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.